




# Кодекс за однесување на родителите при настава на далечина (online)

Родителите како главна алка кои го поддржуваат и следат секојдневното функционирање на своето дете се посебен фактор кој влијае на изградување на соодветно однесување и правилно формирање на личноста на детето не само како човек, а и како ученик. Затоа родителите земаат активно учество во секоја промена која ја доживуваат нивните деца со субјективни укази и поддршка за прифаќање на секој предизвик. Поради тековната состојба со Ковид пандемијата родителите треба да бидат запознаени со начинот на кој нивните деца ќе го продолжат образованието преку онлајн настава со учење од далечина. Во овој контекст секој родител треба да го почитува Кодексот за однесување на онлајн наставата за родители со следните правила:

- овој вид на настава, додека трае оваа состојба, е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука;
- секој родител е должен да го овозможи правото на образование на своето дете;
- секој родител треба да го поддржи и помага учењето на своето дете преку овој вид на настава - онлајн настава;
- секој родител да се потруди да формира навики кај своето дете за културно однесување при онлајн настава;
- родителите да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците при овој вид на настава;
- да поттикнуваат објективен однос кон постигнувањата кои ги имаат нивните деца;
- да остваруваат онлајн средби со раководителите на паралелките со цел консултативно-советодавна работа;



- активно да учествуваат со свои предлози за откривање на предности и недостатоци при онлајн настава;
- давање мислења, сугестии и предлог-мерки за подобрување на постигнувањата на учениците, редовно завршување на нивните активности, како и навремено пристапување кон Националната платформа за онлајн настава;
- редовно присуство на онлајн родителски средби;
- континуирана соработка со раководителот на паралелката и предметните наставници.










